## Прилог бр. 10

**Копија од Решението за исполнување на услови за почеток со работа на студиската програма, издадено од Министерството за образобание и наука на Република Северна Македонија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1626
година
СКОПЈЕ 2_ 0_ 2017

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
29. 9. 2017
02-1911/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии по Екологија, Геофизика и метеорологија, Наставна физика и Медицинска физика на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии по Екологија, Геофизика и метеорологија, Наставна физика и Медицинска физика на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-612/4 од 17.08.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1626 од 21.08.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии по Екологија, Геофизика и метеорологија, Наставна физика и Медицинска физика на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 17-529/4 од 12.07.2017 година, бр. 17-475/2 од 12.07.2017 година, бр. 17-477/2 од 12.07.2017 година и бр. 17-476/2 од 12.07.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1626 од 30.08.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 05.09.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1626 од 12.09.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус студии по Екологија, Геофизика и метеорологија, Наставна физика и Медицинска физика на Природно - математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трајковска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Д...
контролирал: Борче Але...
одобрил: д-р Агим Руш...